

***Митрополит Климент чие световно име пред хиротонијата за архиереј на МПЦ му беше Никола Трајков, е прв македонски митрополит преспанско-битолски, прв архијереј во Битола по обновувањето на Македонската православна црква и втор македонски архијереј потписник на соборската Одлука од 1967 година за обнова на афтокефалниот статус на Македонската православна црква (денес МПЦ - ОА).***

Како резултат на вистината дека историјата на македонскиот народ во изминатите години секогаш била тесно врзана со Македонската православна црква, владиката Климент (Никола Трајков) секогаш се борел за независност на својата Православна црква., бидејќи Црквата била таа која организирала голем дел од дејностите на македонскиот народ, пред се’ преку градење цркви и манастири.

Тоа особено е изразено во неговиот роден град Битола, **градот на конзулите, како што го нарекуваат, град кој** прослави јубилеј - 1.000 години од името Битола **и е најголем градски центар во Пелагониската Котлина.**
Првпат името Битола се споменува во една повелба на Цар Самуил од 1014 година под името „Обител“ – старословенски збор што означува манастирски стан, семејство.

Инаку, на митрополитот Климент му го покажа патот на иднината просветителската дејност на свети Климент Охридски која била почувствувана и во Битола и Битолско. Во градот со голем број христијански храмови - цркви и манастири (обители) свети Климент имал свои ученици кои ја развивале Битолската препишувачка школа, а Самуиловото владеење создало уште поповолни услови за сестран развиток на Битола.





[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**